**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 69 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003, 40/2004, 61/2005 и 129/2006), член 71 став 8 и член 72 став 3 од Законот за банките („Службен весник на РМ“ бр. 67/2007) и точка 42 од Одлуката за лимитите на изложеноста („Службен весник на РМ“ бр. 31/2008), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

# УПАТСТВО
## за спроведување на Одлуката за лимитите на изложеноста

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со ова Упатство се пропишува начинот на примена на Одлуката за лимитите на изложеноста (во понатамошниот текст: Одлуката).

2. За единствена примена на Одлуката, банката е должна да пополнува и да доставува до Народната банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка) Извештај којшто се состои од следниве обрасци:

- Изјава за поврзаност со лица со посебни права и одговорности, акционери и кредитокорисници на банката;
- Образец П1 - Изложеност на банката кон лицата со посебни права и одговорности во банката;
- Образец П2 - Изложеност на банката кон подружници и акционери со квалификувано учество во банката;
- Образец П3 - Капитални делови на банката во нефинансиски институции;
- Образец П4 - Големи изложености на банката;
- Образец П5 - Збирен преглед на изложеноста на банката и на вложувањата во нефинансиски институции.

Обрасците од став 1 од оваа точка се составен дел на ова Упатство.

## II. ИЗЈАВА ЗА ПОВРЗАНОСТ СО ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПРАВА И ОДГОВОРНОСТИ, АКЦИОНЕРИ И КРЕДИТОКОРИСНИЦИ НА БАНКАТА

3. Лицата со посебни права и одговорности и акционерите со квалификувано учество во банката се должни на почетокот на секоја година да го разгледаат списокот на лица со посебни права и одговорности, акционери и кредитокорисници на банката со состојба на 31 декември претходната година.

По извршениот увид, лицата од став 1 од оваа точка пополнуваат и потпишуваат Изјава за поврзаност со лица со посебни права и одговорности, акционери и кредитокорисници во која ќе ги наведат лицата со посебни права и одговорности, акционерите и кредитокорисници кои, согласно со Законот за банките и подзаконските акти донесени врз основа на тој Закон, се сметаат за поврзани со нив.

4. Пополнетите изјави се доставуваат до Народната банка, во рокот пропишан во точка 41 од Одлуката.

## III. ИЗЛОЖЕНОСТ НА БАНКАТА КОН ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПРАВА И ОДГОВОРНОСТИ (ОБРАЗЕЦ П1)

5. Во образецот П1 се искажува изложеноста на банката кон лицата со посебни права и одговорности на банката, за кои се однесува лимитот од точка 14 од Одлуката.

6. Во колоната бр. 2 се внесуваат одделно сите лица со посебни права и одговорности. Вкупната изложеност на банката кон овие лица се прикажува заедно со изложеноста на банката кон лицата кои се сметаат за поврзани со нив.

По исклучок на став 1 од оваа точка, банката може во овој образец да не вклучи лице со посебни права и одговорности кое, заедно со лицата кои се сметаат за поврзани со него, не се кредитокорисници на банката, односно вкупната изложеност на банката кон тоа лице и лицата поврзани со него е еднаква на нула.

7. Во колоната бр. 3 - „матичен број“, се внесува матичниот број на лицето со посебни права и одговорности и на лицата поврзани со него.

8. Во колоната бр. 4 - „изложеност на кредитен ризик“, се внесува изложеноста на банката којашто произлегува од портфолиото на банкарски активности, утврдена согласно со точка 4 од Одлуката, вклучувајќи ги и вложувањата и побарувањата коишто се мерат по објективна вредност, преку билансот на успех.

9. Во колоната бр. 5 - „изложеност на пазарен ризик“, се внесува изложеноста на банката којашто произлегува од портфолиото за тргување, утврдена согласно со точка 5 од Одлуката.

10. Колоната бр. 6 - „вкупна изложеност“, ја претставува вкупната изложеноста на банката кон поединечно лице со посебни права и одговорности, како збир на колоните бр. 4 и 5.

11. Во колоната бр. 7 - „одбитни ставки“, се наведува износот на одбитните ставки коишто, согласно со точка 18 од Одлуката, не се земаат предвид при утврдувањето на лимитот на изложеноста кон лице со посебни права и одговорности.

12. Колоната бр. 8 - „изложеност“, се добива како разлика помеѓу колоните бр. 6 и 7 и се однесува на изложеноста на банката којашто претставува основа за пресметка на лимитот на изложеноста кон лице со посебни права и одговорности.

13. Во колоната бр. 9 - „СС 1“, се внесува износот на сопствените средства утврден согласно со точка 9 став 2 од Одлуката (збир на основниот капитал и дополнителниот капитал I, намален за одбитните ставки од основниот капитал и дополнителниот капитал I), додека во колоната бр. 10 - „СС 2“, се внесува износот на сопствените средства утврден согласно со точка 9 став 1 од Одлуката.

14. Колоната бр. 11 - „% од СС“ претставува однос помеѓу изложеноста којашто претставува основа за утврдување на лимитот на изложеноста (колона бр. 8) и сопствените средства на банката.

Доколку вкупната изложеност на банката кон лице со посебни права и одговорности ја вклучува само изложеноста на кредитен ризик, при утврдувањето на односот од став 1 од оваа точка се зема предвид износот на сопствените средства прикажан во колона 9 (СС 1). Во спротивно, доколку вкупната изложеност ја вклучува и изложеноста на пазарен ризик, при утврдувањето на односот од став 1 од оваа точка се зема предвид износот на сопствените средства од колона бр. 10 (СС 2).

Оваа колона го покажува почитувањето на банката на лимитот на изложеноста кон лице со посебни права и одговорности.

15. Колоната бр. 12 - „изложеност на кредитен ризик/СС 1“, го прикажува односот помеѓу изложеноста на кредитен ризик и сопствените средства прикажани во колоната бр. 9. Овој однос не смее да надмине 3%.

16. Колоните бр. 13, 14 и 15 се пополнуваат само во случаите кога, банката остварила надминување на лимитот на изложеноста кон лице со посебни права и одговорности, согласно со точка 20 од Одлуката.

Колоната бр. 14 се пополнува со користење на следниве ознаки:

- А1 - доколку надминувањето е настанато како резултат на спојување и присоединување на правни лица;
- А2 - доколку надминувањето е резултат на причини врз кои банката не можела или не може да влијае;
- А3 - доколку надминувањето е резултат на изложеноста на пазарен ризик.

## IV. ИЗЛОЖЕНОСТ НА БАНКАТА КОН ПОДРУЖНИЦА И АКЦИОНЕР СО КВАЛИФИКУВАНО УЧЕСТВО (ОБРАЗЕЦ П2)

17. Во образецот П2 се прикажува вкупната изложеност на банката кон подружница на банката и акционер со квалификувано учество во банката, за кои важат лимитите на изложеноста од точките 12 и 13 од Одлуката.

18. Образецот П2 се состои од два дела. Во првиот дел се прикажува вкупната изложеност на банката кон нејзините подружници (за секоја подружница одделно), а во вториот дел се прикажува вкупната изложеност на банката кон секој поединечен акционер со квалификувано учество во банката и лицата поврзани со него.

19. При пополнувањето на образецот П2 соодветно се применуваат правилата според кои се пополнува образецот П1, објаснети во глава III од ова Упатство.

## V. КАПИТАЛНИ ДЕЛОВИ ВО НЕФИНАНСИСКИ ИНСТИТУЦИИ (ОБРАЗЕЦ П3)

20. Образецот П3 ги опфаќа капиталните делови на банката во нефинансиски институции за кои важат лимитите од точка 23 и 24 од Одлуката.

21. Образецот П3 се пополнува со примена на следниве правила:

- Во колоната бр. 2 се внесуваат сите нефинансиски институции (друштва) во кои банката има капитални делови, заедно со лицата поврзани со нив кои се клиенти на банката;
- Во колоната бр. 3 - „матичен број“, се внесува матичниот број на нефинансиската институција и на лицата поврзани со неа;
- Во колоната бр. 4 - „капитален дел“, се внесува збирот на износот на вложувањето на банката во нефинансиската институција коешто претставува изложеност на кредитен реизик (на нето-основа), износот на вложувањето коешто претставува изложеност на пазарен ризик (точка 5 од Одлуката) и износот на вложувањето во нефинансиската институција коешто се мери по објективна вредност преку билансот на успех;
- Во колоната бр. 5 - „одбитни ставки“, се наведува износот на одбитните ставки коишто, согласно со точка 25 од Одлуката, не се земаат предвид при утврдувањето на лимитот на вложувањата во нефинансиски институции;
- Колоната бр. 6 - „капитален дел (нето)“, ја прикажува разликата помеѓу капиталниот дел (колона бр. 4) и износот на одбитните ставки (колона бр. 5) и служи како основа за утврдување на лимитите на вложувањата во нефинансиски институции;
- Во колоната бр. 7 - „СС 1“, се внесува износот на сопствените средства утврден согласно со точка 9 став 2 од Одлуката (збир на основниот капитал и дополнителниот капитал I, намален за одбитните ставки од основниот капитал и дополнителниот капитал I);
- Колоната бр. 8 - „% од СС 1“, претставува однос помеѓу капиталниот дел којшто е основа за утврдување на лимитот (колона бр. 8) и сопствените средства на банката (колона бр. 7). Оваа колона го прикажува почитувањето на банката на лимитот за вложувањата во поединечни нефинансиски институции;
- Колоната бр. 9 се пополнува само во случаите кога банката остварила надминување на лимитот на вложувањата во нефинансиски институции, согласно со точка 27 од Одлуката.

## VI. ГОЛЕМИ ИЗЛОЖЕНОСТИ НА БАНКАТА (ОБРАЗЕЦ П4)

22. Во образецот П4 се внесуваат сите изложености на банката кон поединечни лица - клиенти коишто се еднакви или надминуваат 10% од нејзините сопствени средства.

23. При пополнувањето на колоните бр. 2 до 6, соодветно се применуваат правилата од точките 6, 7, 8, 9 и 10 од ова Упатство, додека колоните бр. 7, 8 и 9 се пополнуваат со соодветна примена на правилата од точките 13 и 14 од ова Упатство.

24. Во колоната бр. 10 - „одбитни ставки“, се наведува износот на одбитните ставки коишто, согласно со точка 18 од Одлуката, не се земаат

предвид при утврдувањето на лимитот на вкупниот износ на големи изложености од точка 16 од Одлуката.

25. Колоната бр. 11 - „изложеност“, се добива како разлика помеѓу колоните бр. 6 и 10 и се однесува на изложеноста на банката којашто претставува основа за пресметка на лимитот на агрегатниот износ на големи изложености.

## VII. ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД НА ИЗЛОЖЕНОСТА НА БАНКАТА И НА ВЛОЖУВАЊАТА ВО НЕФИНАНСИСКИ ИНСТИТУЦИИ (ОБРАЗЕЦ П5)

26. Во образецот П5 се дава збирен преглед на вкупната изложеност на банката и на вложувањата во нефинансиски институции, прикажани во обрасците П1, П2, П3 и П4.

27. Во колоната бр 3 - „износ“, се внесува соодветниот износ на вкупната изложеност, односно вложувањата во нефинасиски институции, и тоа:

- Во редот бр. 1 се внесува вкупната изложеност кон лицата со посебни права и одговорности, односно износот од образецот П1, ред. бр. I, колона бр. 8;
- Во редот бр. 2 се внесува вкупната изложеност кон подружници на банката и акционери со квалификувано учество во банката, прикажан во образецот П2, ред. бр. III, колона бр. 8;
- Редот бр. 3 претставува збир на редовите бр. 1 и 2, односно ја прикажува вкупната изложеност на банката кон лицата поврзани со неа, којашто претставува основа за утврдување на лимитите на изложеноста;
- Во редот бр. 4 се внесува износот на вкупните капитални делови на банката во нефинансиски институции од образецот П3, ред. бр. I, колона бр. 6;
- Во редот бр. 5 се внесува вкупниот износ на големи изложености на банката, односно износот од образецот П4, ред. бр. I, колона 11.

28. Во колоната бр. 4 - „намалување“, се внесува изложеноста кон клиенти коишто се јавуваат како дел од изложеноста на банката кон неколку групи поврзани лица, односно капиталниот дел во нефинансиски институции коишто се јавуваат како дел од капиталните делови на банката во неколку групи поврзани нефинансиски институции.

Пример:

Изложеноста на банката кон едно лице изнесува 100 денари. Тоа лице е дел од изложеноста на банката кон три групи поврзани лица, односно во колоната бр. 3 - „износ“, е вклучено во вкупен износ од 300 денари. Заради реално утврдување на агрегатните лимити, во колоната бр. 4 - „намалување“, се внесува износот од 200 денари.

29. Колоната бр. 5 - „износ за пресметка“, е разликата помеѓу износите од колоните бр. 3 и 4 и претставува основа за пресметка на агрегатните лимити на изложеноста и на капиталните делови во нефинансиски институции.

30. Во колоната бр. 6 - „сопствени средства“, се внесува износот на сопствените средства на банката, при што се следат следниве правила:

- доколку вкупниот износ на изложеноста од редовите бр. 1, 2 и 5 ја вклучува и изложеноста на пазарен ризик, во оваа колона се внесува износот на сопствените средства утврден согласно со точка 9 став 1 од Одлуката (СС 2). Овој износ на сопствени средства се внесува и во редот бр. 4 од оваа колона;
- доколку вкупниот износ на изложеноста од редовите бр. 1, 2 и 5 се состои само од изложеноста на кредитен ризик, во оваа колона се внесува износот на сопствените средства утврден согласно со точка 9 став 2 од Одлуката (СС 1).

31. Колоната бр. 7 - „% од сопствените средства“, претставува однос помеѓу колоните бр. 5 и 6 и го покажува почитувањето на банката на лимитите на изложеноста од точките 15 и 16 од Одлуката, односно на лимитот на агрегатниот износ на капитални делови во нефинансиски институции од точка 23 од Одлуката.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

32. Одредбите од ова Упатство што се однесуваат на банките се применуваат и на штедилниците.

Филијалите на странски банки се должни соодветно да ги применуваат одредбите од ова Упатство, имајќи ги предвид одредбите од Законот за банките и подзаконските акти донесени врз основа на овој Закон со кои се регулира работењето на филијалите на странски банки во Република Македонија.

33. Ова Упатство влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 30.06.2008 година.

34. Со влегувањето во сила на ова Упатство, престанува да важи Упатството за спроведување на Одлуката за примена на член 35 и член 36 од Законот за банките бр. 2894 од 04.09.2001 година.

**Бр. 4183** **м-р Петар Гошев**
**26 јуни 2008 година** **гувернер**
**Скопје**